Врховниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на член 37 став 1 алинеја 1 и 3 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/06...198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19), член 63 став 1 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општата седница одржана на ден 14.07.2023 година, го утврди следниот:

## **Н А Ч Е Л Е Н С Т А В**

**Даденото одобрение од страна на Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија за снимање или фотографирање по конкретен предмет е со важност од денот на даденото одобрение до завршување на расправата по предметот.**

## **О б р а з л о ж е н и е**

Во примената на член 360 став 3 од Законот за кривичната постапка, а во врска со член 105 став 1 од Судскиот деловник, претседателот, односно В.Д. претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, евидентно од неколку донесени решенија различно се постапувало во постапката при одлучување по поднесените барања за снимање и фотографирање на расправа по конкретен кривичен предмет, а сето тоа како резултат на содржината на самото барање за следење, снимање и фотографирање.

Следењето на расправата по конретен предмет не е прашање за кое треба да се даде одобрение од Претседателот на Врховниот суд на Република Северна македонија, односно од Претседателот на судот од причини што такво нешто не е содржано во член 360 став 3 од Законот за кривичната постапка односно, членот 105 од Судскиот деловник, туку претставува околност од сферата на раководењето со расправата по предметот од страна на Претседателот на Советот кој ја води расправата, кои правила се содржани во сите процесни закони и е од правна природа за кои мора да води сметка Претседателот на Советот, почитувајќи ги основните начела за јавност и транспарентност за секоја постапка.

Евидентно е и различното постапување во врска со прашањето за важењето на даденото одобрение за снимање и фотографирање што ја наметнува потребата од утврдување на Начелен став кој го опфаќа и ова прашање со што ќе се овозможи подносителите на барањето во ситуација на одлагање или прекин на расправата повторно да не поднесуваат вакво барање.

Согласно член 102 од Уставот на Република Северна Македонија, расправата пред судовите и изрекувањето на пресудата се јавни. Јавноста може да биде исклучена во случаи утврдени со закон.

Согласно член член 353, став 1 од Законот за кривичната постапка, главната расправа е јавна.

Согласно член 105 став 1 од Судскиот деловник, Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, односно претседателот на судот врз основа на поднесено писмено барање дава одобрение за снимање или фотографирање во конкретиот предмет.

Согласно член 360 став 3 од Законот за кривичната постапка, во судницата не можат да се вршат филмски и телевизиски снимања. По исклучок, претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија може да одобри такво снимање на одделена главна расправа. Ако снимањето е одобрено, советот на главната расправа може од оправдани причини да одлучи одделни делови на главната расправа да не се снимаат.

Од содржината на наведените законски одредби неспорно произлегува дека Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, односно Претседателот на судот се овластени да одлучуваат по поднесено писмено барање за снимање или фотографирање по конкретен предмет.

Во членот 106, став 1 од Судскиот деловник се пропишува дека при донесувањето на одлука за давање одобрение за снимање и фотографирање се води сметка за интересот и довербата на јавноста.

Според членот 6 на Европската конвенција за заштита на човековите права пресудата се изрекува јавно, а членот 10 ја гарантира слободата на примање и пренесување информации.

Начелото за јавност на главната расправа, односно кој може да присуствува на расправата е пропишано со членот 102 од Уставот на Република Северна македонија, односно со членот 353 од Законот за кривичната постапка.

Оттука, во смисла на член 105 став 1 од Судскиот деловник и членот 360 став 3 од Законот за кривичната постапка, дадените одобренија се однесуваат само за снимање и фотографирање, а не за следење на расправата или, пак, за снимање и фотографирање во или надвор од судската зграда.

**ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТА СЕДНИЦА**